РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 03-645

19.3 2015 година

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2104/1 од 18.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не почитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 19.03.2015 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка - опомена

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14) и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, на 11 февруари 2015 година, играната програма (хумор/сатира) „Stand up Revolution“ не е категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2104/1 од 18.03.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 18 март 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 февруари 2015 година, при што констатирање прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казниво по член 147 став 1 точка 10 и став 4 од истиот Закон, односно дека на 11 февруари 2015 година, играната програма (хумор/сатира) „Stand up Revolution" не е категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица.

Спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација), во периодот на мониторингот, играната програма (хумор/сатира) „Stand up Revolution" не е категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, предупредувачка сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето во сите видови играна програма и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција кои било како целина или преку нивни делови можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2104/1 од 18.03.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2104/1 од 18.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2104/1 од 18.03.2015 година.

Доставено до:
- Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Овластеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ

| Примено: 18.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2104 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 март 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа).

6. Претходно изречена мерка: нема

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, емитуван на 11 февруари 2015 година, е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација), во периодот на мониторингот, играната програма (хумор/сатира) „Stand up Revolution" не е категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, предупредувачка сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето во сите видови играна програма и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција кои било како целина или преку нивни делови можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| Stand up Revolution - Писма | 11 февруари 2015 - реприза | 01:34:32 | 01:49:42 |
| Stand up Revolution - Водици | 11 февруари 2015 - реприза | 06:35:46 | 06:50:37 |
| Stand up Revolution - Водици | 11 февруари 2015 - реприза | 08:45:46 | 09:00:36 |
| Stand up Revolution - Водици | 11 февруари 2015 - реприза | 18:37:11 | 18:52:02 |
| **Опис на прекршувањето** | | | |
| Пред почетокот на играната програма не е емитуван предупредувачки сигнал кој ја означува категоријата програма, а во текот на нејзиното времетраење, не е емитуван постојано визуелниот знак од предупредувачкиот сигнал. | | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 11 февруари 2015 година, играната програма (хумор/сатира) „Stand up Revolution" не е категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Радиодифузно друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*